*Совет на Град Скопје*
*Këshilli i Qytetit të Shkupit*

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на Република Македонија"број 5/02 и член 10 точка 3 алинеја 3 од Законот за Град Скопје("Службен весник на Република Македонија" бр.55/04 и 158/11)Советот на Град Скопје на педесет и шестата седница, одржана на 24 ноември 2015 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## за финансирање на проекти за развој на занаетчиството, угостителството и трговијата на Град Скопје за 2016 година

## I. Вовед

Со програмата за финансирање на проекти за развој на занаетчиството, угостителството и трговијата се утврдуваат активностите, целите и висината на средствата за нивно финансирање за 2016 година.

## II. Цели

- **Проектот Фестивал на виното "Вино-Скоп 2016"** е меѓународен винарски фестивал за афирмација на вековната традиција за вино производството и угостителството во градот Скопје и Република Македонија. Овој проект има за цел промоција на квалитетни и сортни вина кои по пат на дегустација на вина да ги оцени и брендира македонските вина. На овој фестивал покрај домашни винарници ќе земат учество и винарници од странство.

  Рок: првата недела на октомври

- **Проектот "Месец на трговијата 2016"** –претставува проект со кој се оценуваат постигнатите резултати во трговијата за годината што изминува. Преку мистери шопинг оценување, со 3 посети на трговците да се одберат најдобрите трговски објекти кои ќе покажат најдобро организиран објект, најдобро снабден и со одлично воспоставен контакт продавач-купувач. Ќе бидат избрани најдобрите, најоригиналните и најдобро снабдените со квалитетна и ефтина трговска стока, модерно аранжирање на стоките во објектите за продажба, излозите и најдобро воспоставениот контакт помеѓу потрошувачот и продавачот.

  Рок: 1 ноември-30 ноември

1000 Скопје, Илинден бр. 82
Република Македонија
тел: +389 02/ 3297-200, 3297-207
факс: +389 02/ 3116-169

1000 Shkup, Ilinden pn.82
Republika e Makedonisë
tel: 389 02/3297-200, 3297-207
faks: +389 02/ 3116-169

- **"Најдобар угостителски објект меѓу најдобрите"** е проект за презентирање на националните кујни на интернационално ниво.

  Целта на овој проект е:
  - Подигнување на нивото на услуга кон клиентите, на квалитетот на услугата во угостителската дејност на ниво на градот Скопје, со цел да се стимулираат угостителите кон извонредност на услугата;
  - Да се едуцираат угостителите за отстранување на своите недостатоци во квалитетот на услугите и да се подигне степенот на самоподобрување;
  - Да се воспостави топол и срдечен однос помеѓу давателите на услуги и корисниците на услугите,
  - Граѓаните на Скопје, домашните и странските туристи да добијат поквалитетна услуга;
  - Привлекување на вниманието на гостите преку посовремено и поатрактивно аранжирање и приготвување на специјалитети од страна на врвни мајстори на кујната, со што ќе дојде до израз способноста и креативноста на угостителите;
  - Оценување и наградување на најдобрите, најоригиналните и најквалитетните кулинарски специјалитети и најљубезниот воспоставен однос помеѓу угостителот и гостинот.

  Рок: 1 октомври - 31 октомври

- **"Гурмански викенд во Скопје -Пиволенд"** е проект за промоција и презентација на повеќе пиво-производители и ресторани, пропратено со уметности и културата во Македонија и различни музички стилови, како и ќе придонесе за следење на постојните тенденции на полето на пиво-производството и поддршка на меѓусебната размена на идеи меѓу презентерите и публиката и бизнис комуникацијата.

  Рок:првата недела на септември

- **Проектот: Пролетен базар на домашни ракотворби и конкурс за избор на автентичен сувенир**

  Преку оваа атрактивна манифестација Град Скопје сака да ги претстави ракотворците и уметниците кои преку своите креации ја презентираат македонската уметност и култура, како поддршка на креативните ракотворци со цел поттикнување на развојот на занаетчискиот сектор. Манифестацијата трае 2 дена и вообичаено, на истата се презентираат повеќе од 50-тина ракотворци и уметници.

  Рок: втората недела на мај

- **Проектот: Интернационална Тортијада 2016**

  Идејата за организација на овој проект потекнува од ХО Ангелчиња, од чисто хуманитарни побуди. Преку презентација и натпревар на учесниците во правење и украсување на торти да се понуди на граѓаните можност да уживаат во креациите на аматерите и

професионалците од оваа дејност. Истовремено преку лицитацијата на тортите да им се понуди на граѓаните да учествуваат со парична донација на јавни установи (училишта, градинки, болници, домови за згрижување на деца и младинци и сл.) во град Скопје.

Рок: Крај на месец октомври

- **Проектот: Фестивал на органска храна и здрав начин на живеење** има за цел промовирање на органската храна со која изобилува нашата земја, а е еден од најголемите светски трендови на домашните и странските посетители будење на свеста на граѓаните за благодетите кои органската храна ги нуди. Дружење на посетителите, промоција на градот Скопје како град кој ги следи светските трендови.

Рок: Месец мај

- **Проектот: Организирање на ревија на народни носии од Скопскиот регион**
Преку оваа атрактивна манифестација Град Скопје сака да ги претстави ракотворците и уметниците кои преку своите креации ја презентираат македонската уметност и култура, како поддршка на креативните ракотворци со цел поттикнување на развојот на занаетчискиот сектор.

Рок: Месец март- април

- **Манифестација за избор на најдобро кафуле**
Избор на најдобро кафуле по пат на обучени тајни купувачи- Mustery shoping (организација на манифестацијата) со цел да се стимулираат угостителите кон извонредност на услугата

Рок: Месец септември

- **Изработка на промотивен материјал за Стара Скопска Чаршија**
Целта на изработка на промотивниот материјал за ССЧ е промоција на ССЧ и промоција на занаетчискиот сектор во ССЧ

Рок: Месец октомври

- **Тезги за продажба на производи од ракотворци и костени, семки, пченки и слично, кои заинтересираните субјекти сами ќе ги изработат**
Тезги кои заинтересираните субјекти сами ќе ги изработат врз основа на објавен јавен оглас од страна на Град Скопје по даден унифициран проект и издадена микролокација, за што ќе плаќаат комунална такса.

Рок: јануари-декември

## III. Финансирање

За реализација на програмата, проектите, манифестациите и активностите кои се од интерес и значење на Град Скопје, согласно Буџетот за 2016 година се обезбедени вкупно 3.380.000 денари.

Средствата од оваа програма ќе се користат за :

**1.** *Фестивал на виното "Вино-Скоп 2016"*.......................................... **700.000**

1. Други оперативни расходи............................................................ 700.000

**2.** *Месец на трговијата*............................................................................ **250.000**

1. Други оперативни расходи............................................................ 250.000

**3.** *Најдобар угостителски објект меѓу најдобрите* .......................... **370.000**

1. Други оперативни расходи................................................... 370. 000

**4.** *Гурмански викенд во Скопје-Пиволенд*............................................. **500.000**

1. Други оперативни расходи.................................................................. 500. 000

***5.*** *Фестивал на органска храна* ................................................................ ***200.000***

1. Други оперативни расходи............................................................. 200. 000

**6.** *Пролеттен базар на домашни ракотворби и конкурс за избор на автентичен сувенир*........................................ **260.000**

1. Други оперативни расходи.............................................................. .260. 000

**7.** *Организирање на ревија на народни носии од Скопскиот регион*.......................................................................**200.000**

1. Други оперативни расходи............................................................ . 200. 000

**8.** *ИнтернационалнаТортијада*................................................................. **200.000**

1.Трансфери до хуманитарни организации........................... .............. 200. 000

**9.** *Манифестација за избор на најдобро кафуле во град Скопје*........................................................ **200.000**

1. Други оперативни расходи........................................................................ 200.000

**10.** *Изработка на промотивен материјал за Стара Скопска Чаршија*...................................................... **500.000**

1. Консултантски услуги................................................................................ 500.000

**11**. *Тезги за продажба на производи од ракотворци и костени, семки, пченки и слично, кои заинтересираните субјекти сами ќе ги изработат*........................................................................................**0**

**Вкупно: 3.380.000 денари**

## IV. Завршни одредби

Градоначалникот на Град Скопје се грижи и го обезбедува спроведувањето на оваа програма.
Секторот за локален економски развој (Одделението за занаетчиство, угостителство и трговија) ја изготвува оваа програма и го следи нејзиното спроведување.
Комисијата за ЛЕР на Советот на Град Скопје дава иницијтиви и мислења во врска со оваа програма.
За утврдената годишна програма и за финансиските средства за нејзина реализација Град Скопје склучува договори.

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Град Скопје".

Број 07 – 9738/1
24 ноември 2015 година
С к о п ј е

С О В Е Т  Н А  Г Р А Д  С К О П Ј Е
K Ë SH I L L I QYTETIT TË SHKUPIT
ПРЕТСЕДАТЕЛ KRYETAR
м-р Ирена Мишева Mr. Irena Misheva